Како и другите респираторни заболувања, инфекцијата со 2019-nCoV може да предизвика умерени симптоми вклучително: течење на носот, болки во грлото, кашлица и треска.

Кај некои лица може да се јави потешка клиничка слика, односно може да дојде развој на пневмонија или тешкотии во дишењето.

***Колку е опасен 2019-nCoV?***

Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

**Да, 2019-nCoV предизвикува респираторно заболување и може да се пренесе од човек на човек, обично по близок контакт со заболен, на пример дома, на работно место или во здравствена установа.**

***Дали може 2019-nCoV да се пренесе од човек на човек?***

Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

Луѓето кои живеат или патуваат во област каде што циркулира 2019-nCoV може да бидат изложени на ризик од инфекција.

Во моментов, 2019-nCoV циркулира во Кина, каде се регистрирани најголем број на заболени лица.

Заболените лица регистрирани во други земји се луѓе кои неодамна патувале во Кина, или живееле / тесно соработувале со тие патници (пр. членови на семејството, соработници), или здравствени работници кои се грижеле за пациентот пред да се докаже дека истиот е заразен со 2019-nCoV.

## *Кој може да се зарази со 2019-nCoV?*

Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

**Треба да се направат дополнителни истражувања за да се дадат прецизни информации за тоа како 2019-nCoV влијае врз луѓето.**

**Според достапните податоци, постарите лица и лицата со претходно постоечки заболувања (дијабет, срцеви заболувања и др.) имаат поголем ризик за развој на потешки симптоми.**

***Кој е изложен на ризик од развој на потешки симптоми од 2019-nCoV?***

Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

**Новиот коронавирус е респираторен вирус кој примарно се пренесува преку контакт со заболено лице, односно преку неговите респираторни секрети кои се распрскуваат во вид на ситни капки кога заразениот кашла и кива, преку плунка или течење од носот.**

**Важно е сите да практикуваат добра лична хигиена.**

**На пример, кога кивате или кашлате користете марамче за една употреба и веднаш фрлете го, а доколку немате марамче покријте ги устата и носот со раката свиткана во лактот.**

**Исто така, многу е важно луѓето редовно и темелно да ги мијат рацете со сапун и вода или со дезинфициенси базирани на алкохол.**

## *Како се пренесува 2019-nCoV?*

Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

**Сѐ уште не е познато колку долго преживува 2019-nCoV на површини, иако првичните информации сугерираат дека вирусот може да преживее неколку часа.**

**Едноставни средства за дезинфекција можат да го уништат вирусот, со што веќе не е можно да зарази луѓе.**

## *Колку долго преживува 2019-nCoV на површини?*

Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

Според моментално достапните податоци, се смета дека е можно лицата заразени со 2019-nCoV да бидат заразни и пред да развијат симптоми на болест.

Сепак, вирусот најчесто го шират лица кои имаат симптоми.

***Дали може 2019-nCoV да се добие од лице кое нема симптоми?***

Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија